# Преод: позитивно поаѓање во училиште

**Упатство за помош на семејствата да ја пополнат Изјавата за преодно учење и развој (Transition Learning and Development Statement)**

## Зошто е важно позитивното поаѓање во училиште?

Позитивното поаѓање во училиште може да му помогне на вашето дете да учи подобро и да се чувствува посреќно кога преминува од градинка (kindergarten) во училиште и во натамошно учење. Позитивен преод исто така помага за континуитет во учењето и развојот на вашето дете, со тоа што се надоврзува на минатите и сегашните искуства на вашето дете и му помага да се чувствува безбедно, самоуверено и поврзано. Позитивното поаѓање во училиште исто така може да помогне детето да биде поотпорно.

## Што е Изјавата за преодно учење и развој?

Предучилишните служби, училиштата, службите за згрижување после училишните часови (Outside School Hours Care - OSHC) и семејствата соработуваат за да ги поддржат учењето и развојот на децата. Тие споделуваат информации користејќи ја Изјавата за преодно учење и развој (TLDS). Изјавата е напишана од предучилишната служба за секое дете кога тргнува во училиште.

TLDS споделува информации за учењето, развојот и благосостојбата на вашето дете со предучилишните служби и училиштата. TLDS дава кус преглед за интересирањата, вештините и способностите на вашето дете и укажува на поединечни приоди и стратегии на учење за поддршка на вашето дете.

TLDS може да ви помогне да го разберете и поддржите учењето на вашето дете кога ќе појде во училиште. Информациите во TLDS им помагаат на учителите во забавиште да го запознаат вашето дете и да планираат соодветни наставни програми. Ако вашето дете ќе биде во OSHC, TLDS помага да се испланира и неговото време таму.

TLDS содржи некои лични податоци, вклучувајќи го името, датумот на раѓање и слика од вашето дете, како и вашето име и податоци за контакт. Исто така, TLDS може да ги содржи имињата и податоците за контакт на воспитувачите во предучилишната служба кои го поддржувале вашето дете.

Придонесувањето кон TLDS на вашето дете е една од училишните активности во која вие и детето може заедно да учествувате пред почетокот на училиштето.

## Како да дојдам до TLDS за моето дете?

Вашата предучилишна служба ќе ви даде линк за онлајн алатката за TLDS. Онлајн TLDS е најдобриот начин да се пополни TLDS.

Ако не можете да ја користите онлајн алатката, може да побарате отпечатен примерок на хартија.

## Кои делови од TLDS треба да ги пополнам?

*Поглавјата 1* и *1.1* ги пополнува воспитувачот на вашето дете од предучилишната служба.

*Поглавјето 1.2* може да го пополни воспитувачот во предучилишната служба на вашето дете, ако тоа има доцнење во развојот или попреченост. Други професионални работници кои помагале на вашето дете исто така може да додадат во овој дел.

*Поглавје 2: Детето* го пополнува вашето дете со возрасно лице кое добро го познава. Тоа може да бидете вие или воспитувачот од предучилишната служба.

*Поглавје 3: Семејството* го пополнувате вие. Вашиот придонес е важен. Во овој дел има прашања кои ќе ви помогнат да ги споделите интересите на вашето дете, како и вашите мисли и надежи за вашето дете во училиште. Одговарањето на овие прашања може да им помогне на учителите и вработените во OSHC (ако е применливо) да го запознаат и разберат вашето дете, со што ќе се поддржи неговото учење и развој.

## Што се случува откако ќе се пополни TLDS?

Откако ќе се пополни TLDS, воспитувачот од предучилишната служба ќе ви даде пополнет примерок.

Вашиот воспитувач од предучилишната служба исто така ќе го сподели пополнетиот TLDS со училиштето на вашето дете и со службата OSHC (ако е применливо).

Ако не сте сигурни во кое училиште ќе оди вашето дете, воспитувачот од предучилишната служба ќе ви даде втор примерок од TLDS. Тој примерок може да го дадете во училиштето кога ќе го запишувате детето.

Ако не го пополните *Поглавјето 3: Семејството*, воспитувачот во вашата предучилишна служба сепак ќе ги сподели останатите пополнети поглавја со училиштето и службата OSCH (ако е применливо) и ќе ви даде примерок од она што е споделено.

Истражувања и повратни информации од училиштата укажуваат на тоа дека споделувањето на овие информации го поддржува успешниот преод во училиште. Ако претпочитате да не се сподели TLDS со училиштето на вашето дете, ве молиме разговарајте со воспитувачот на вашето дете од предучилишната служба.

Соодветни и безбедни информации им помагаат на образованието во Викторија и на професионалните работници за нега да го имаат потребното знаење и информации, за да се осигури благосостојбата и безбедноста на вашето дете.

За повеќе информации посетете ја веб-страницатаhttps://www.vic.gov.au/information-sharing-schemes-and-the-maram-framework

## За повеќе информации

За да дознаете повеќе, може да ја посетите веб-страницата www.vic.gov.au/transition-school-resources-families

Овие информации исто така се достапни на голем број јазици на заедницата на истиот линк: www.vic.gov.au/transition-school-resources-families